# Колку навистина ве чини коцкањето?




## Повеќе отколку што мислите.

GAMBLEAWARE
gambleaware.nsw.gov.au
1800 858 858

NSW GOVERNMENT

# Колку навистина ве чини коцкањето?




## Повеќе отколку што мислите.

GAMBLEAWARE
gambleaware.nsw.gov.au
1800 858 858

NSW GOVERNMENT

3G-Macedonian. 1220. LG23111

# Една во милион.

## Тоа е вашата шанса да погодите џекпот на машина за игри.

GAMBLEAWARE
gambleaware.nsw.gov.au
1800 858 858

NSW GOVERNMENT

NSO0006_InVenue_posters_A4_V5_SBS_MAC.indd 6 24/11/2020 1:51:39 PM

# Ви треба ли пауза од коцкањето?




**Овде можете самите да си забраните да се коцкате. Разговарајте со управникот за игри на среќа или јавете се во GambleAware на 1800 858 858.**

GAMBLEAWARE
gambleaware.nsw.gov.au
1800 858 858

NSW GOVERNMENT

# Помошта е на дофат на рака




## Тука за вас 24/7.

**GAMBLEAWARE**
**gambleaware.nsw.gov.au**
**1800 858 858**

NSW GOVERNMENT

# Помошта е на дофат на рака




## Тука за вас 24/7.

GAMBLEAWARE
gambleaware.nsw.gov.au
1800 858 858

NSW GOVERNMENT

NSO0006_InVenue_posters_A4_V5_SBS_MAC.indd 4 24/11/2020 1:51:37 PM

Ако денес сакате да зборувате со некој за информации и поддршка, јавете се на

**GambleAware**
**gambleaware.nsw.gov.au**
**1800 858 858**

На GambleAware можете да се јавите во кое било време, 24 часа во денот, 365 дена во годината.

Помош можете да користите во доверливост и бесплатно.

Можете да зборувате со некој на вашиот јазик.
На располагање имаме советници кои зборуваат други јазици и преведувачи.

Ги поддржуваме лицата кои се коцкаат – како и нивните семејства и пријатели.

Брошурата ја објави
**The Office of Responsible Gambling**
**(Канцеларија за одговорно коцкање)**
GPO Box 7060, Sydney NSW 2001

**www.responsiblegambling.nsw.gov.au**

За повеќе примероци од оваа брошура:
**Имејл:** contact.us@liquorandgaming.nsw.gov.au
**Телефон:** 1300 024 720

NSW GOVERNMENT

НОЕМВРИ 2020 | MACEDONIAN
1-Macedonian. 1220. LG31110

# Информации за шансите за добивка на игри на среќа

## Дали се обложувате на машини за игри на среќа?



**GAMBLEAWARE**
**gambleaware.nsw.gov.au**
**1800 858 858**

NSW GOVERNMENT

NSW_GA_Brochure_Design_Info_Gaming_machines_v4_MC.indd 1
8/12/2020 9:43:31 PM

**Можеби играте на покер машините за кратко задоволство или дури и имате подолга сесија на коцкање, но колку навистина знаете за овие машини за игри на среќа и како тие работат?**

**Покер машините се наменети да им носат профит на објектите кои имаат лиценца да оперираат со нив. Во Нов Јужен Велс, вакви објекти се хотели, регистрирани клубови и казиното. Иако на покер машините на забавен начин можат да се трошат пари, тие не се наменети да им помогнат на луѓето да заработат пари. Иако краткорочно можете да добиете мал износ на пари, догорочно, речиси е невозможно вие да бидете победникот.**





## Што е игра на среќа?

Машините за игри се игри на среќа. Дали ќе победите или изгубите е во целост прашање на среќа.

Во игрите на среќа не постојат методи или начини на играње кои можат да влијаат на тоа дали ќе победите или изгубите. Машините за игри содржат компјутерски програм наречен 'генератор на случајни броеви'.

Секој пат кога ќе го притиснете копчето за да играте некоја игра, компјутерскиот програм случајно ја избира позицијата на секој симбол или секоја слика.

Владата на Нов Јужен Велс ги проверува оперативните програми на сите машини за игри на среќа за да обезбеди тие да ги задоволуваат строгите технички стандарди. Противзаконски е ако некој буричка во машините или го менува начинот на кој тие работат без претходно да добие одобрување за тоа.

Машините за игри на среќа не можат да размислуваат или да паметат. Со нив оперираат компјутерски програми од кои произлегуваат случајни резултати.

## Како работат машините за игри на среќа?

Машините за игри на среќа имаат ролни на кои се прикажани симболи или слики. Симболите одредени за секоја позиција на запирање на секоја ролна се програмираат во машината. Овие позиции се трајни и не се менуваат од игра на игра. Другите позиции на ролната имаат други симболи кои се трајно одредени.

Случајниот избор на позиција на запирање се прави одделно и независно за секоја ролна. На машина со пет ролни и 35 можни позиции на запирање на секоја ролна има околу 52 милиони можни комбинации на запирање.

Секоја машина за игри на среќа е дизајнирана различно и можностите за добивање на максималната награда се различни, но воглавно вашата шанса да добиете џекпот не е поголема од една спрема еден милион, а може да биде многу помала од тоа.

Долгорочно, машината е дизајнирана да победи и вие ќе изгубите пари.

## Можете ли да ги подобрите вашите шанси?

**Не** – надворешните фактори немаат никакво влијание на исходот на играта на машината за игри на среќа, вклучувајќи претходни игри.

Ова значи деке е невозможно да се предвиди однесувањето на машината за игри на среќа. Секој симбол што ќе се појави се избира случајно.

Не прави никаква разлика дали:

- играте на машината веднаш после некој кој добил голема исплата од неа
- играте на машина на која долго време немало голема исплата
- играте во одредено време во денот или ноќта
- играте во одредени денови од неделата
- ги притискате копчињата на одреден начин.

Не можете да го измените исходот на игра на покер машина.

NSW_GA_Brochure_Design_Info_Gaming_machines_v4_MC.indd 2 8/12/2020 9:43:33 PM

Ако сакате да разговарате со некого денес за информации и поддршка, ве молиме јавете се на

**GambleAware**
gambleaware.nsw.gov.au
1800 858 858

На GambleAware можете да се јавите во кое било време, 24 часа во денот, 365 дена во годината.

Помош може да користите во доверливост и бесплатно.

Може да зборувате со некој на вашиот јазик. Имаме советници кои зборуваат други јазици освен англискиот, а достапни се и преведувачи.

Им нудиме поддршка на луѓето кои се коцкаат - и на нивните семејства и пријатели.

Брошурата ја објави
**The Office of Responsible Gambling**
GPO Box 7060, Sydney NSW 2001

**www.responsiblegambling.nsw.gov.au**

За повеќе примероци од оваа брошура:
**Имејл:** contact.us@liquorandgaming.nsw.gov.au
**Телефон:** 1300 024 720

NSW GOVERNMENT

MAJ 2024 | MACEDONIAN
2-Macedonian. 0524.LG32100

# Информации за шансите за добивка на игри на среќа

## Дали играте Lotto, Lotteries или Keno?



**GambleAware**
gambleaware.nsw.gov.au
1800 858 858

NSW GOVERNMENT

DEIT0121-NSW_GA_Lotto_MAY-2024_v3_MAC.indd 1
17/5/2024 7:32 pm

**Можеби ќе слушнете за луѓе кои добиле пари на Lotto и Powerball, имале среќа на лотарија или ги имале добитните броеви на Keno.**

**Шансите за добивка се различни во зависност која игра играте, а истото се однесува и на добивките. Добитните броеви и лозовите се извлекуваат по случаен избор. Значи, нема стратегија за играње што ќе ги зголеми вашите шанси за добивка.**

# Каква шанса имате да добиете пари ?

## Weekday Windfall и Saturday Lotto

Извлекувањето за Weekday Windfall се одржува во понеделник, среда и петок. Извлекувањето за Saturday Lotto се одржува во сабота. Во секоја игра на Weekday Windfall и Saturday Lotto има 45 топчиња, со броеви од 1 до 45. Машината за извлекување избира осум по случаен избор. Првите шест избрани топчиња се добитните броеви, а последните две топчиња се дополнителните броеви. Мора да се играат најмалку четири игри. Шансата да се добие во првата категорија на добивки (Division One) (врз основа на една стандардна игра) е 1 спрема 8,145.060.

## Lotto Strike

Lotto Strike се заснова на првите четири добитни броеви од игрите Saturday Lotto или Weekday Windfall. Играчите избираат четири броеви меѓу 1 и 45. За да учествувате во Lotto Strike, исто така мора да играте Saturday Lotto или Weekday Windfall. Добивките од различни категории се доделуваат врз основа на тоа колку добитни броеви се совпаѓаат со првите четири извлечени броеви од Saturday Lotto или Weekday Windfall, но само кога избраните броеви се во точен редослед. Шансата да се добие во првата категорија на добивки (Strike 4, врз основа на една стандардна игра) е 1 спрема 3,575.880.

## Powerball

Извлекувањето на Powerball се одржува во четврток навечер. Powerball се извлекува од две машини за извлекување. Седум броеви се извлекуваат од првата машина за извлекување, со броеви од 1 до 35, а еден Powerball број се извлекува од втората машина за извлекување, со број од 1 до 20. Мора да се играат најмалку четири игри. Шансата да се добие во првата категорија на добивки (врз основа на една стандардна игра) е 1 спрема 134,490.400. .

## Oz Lotto

Извлекувањето на Oz Lotto се одржува во вторник навечер. Во Oz Lotto има 47 топчиња со броеви од 1 до 47. Се извлекуваат десет по случаен избор. Првите седум извлечени се добитните броеви, а последните три се дополнителните броеви. Мора да се игра најмалку една игра. Шансата да се добие во првата категорија на добивки (врз основа на една стандардна игра) е 1 спрема 62,891.499.

## Instant Lotteries – 'Instant Scratch-Its'

Исто така позната како Instant Scratch-Its (инстант грепки), Instant Lotteries (инстант лотарија) вклучува откривање на броеви, симболи или слики на лоз. Реалните шанси да добиете се разликуваат во зависност од видот на играта што се игра. На пример, шансите да се освои најголемата добивка со Instant Scratch-Its лоз од 2 долари е 1 спрема 1,250.000.

## Draw Lotteries – 'Lucky Lotteries'

Во Lucky Lotteries Super Jackpot и Lucky Lotteries Mega Jackpot има 270.000 и 200.000 нумерирани лозови.

Добитните броеви се избираат прво од вкупниот број на лозови (ticket pool), а добивките се доделуваат на лозови со добитниот број и броеви околу добитниот број. Потоа се избира бројот на Jackpot (џекпот) од вкупниот број на лозови.

Џекпот се освојува кога еден од добитните броеви се совпаѓа со бројот на Jackpot. Шансата да се освои Lucky Lotteries Super Jackpot во една игра е 1 спрема 18,385.877, а шансата да се освои Lucky Lotteries Mega Jackpot во една игра е 1 спрема 9,483.168.

## Ongoing Payment Lottery – 'Set for Life'

Со лозот Set for Life се учествува во извлекувања седум последователни дена, а вие мора да учествувате во најмалку две игри во исто време. Во Set for Life, по случаен избор се избираат девет броеви од група од 44, со броеви од 1 до 44. Првите седум избрани броеви се добитните броеви, а последните два броеви се дополнителните броеви. Шансата да се совпаднат сите седум броеви и да се освои првата категорија на добивки во една игра е 1 спрема 38,320.568.

## Keno

Во секоја игра на Keno, по случаен избор се извлекуваат 20 броеви од 80, а добивките се засноваат врз тоа колку од вашите избрани броеви се совпаѓаат со извлечените. Во секоја игра, учесниците може да изберат од 1 до 10, 15, 20 или 40 броеви. Ако изберете 7, 8, 9 или 10 броеви, пропорционален дел од вашиот влог ќе влезе во извлекувањето на џекпот, кој потоа ќе имате шанса да го освоите. Реалните шанси да го освоите џекпотот се разликуваат во зависност од тоа колку броеви ќе изберете да играте. На пример, шансата да се освои џекпот со 10 броеви е 1 спрема 8,911.711.

Keno може да се игра во многу регистрирани клубови, хотели и казина.

## Можете ли да ги зголемите вашите шанси на лотарија или Keno?

**Не** – бидејќи добитните броеви се извлекуваат по случаен избор, секоја група на броеви има токму иста шанса да победи како секоја друга. Сите игри се одобрени од Владата на Нов Јужен Велс, за да се осигура дека се праведни. Не постои „најдобра игра" за играње. Во некои игри, добивките се многу големи, што е многу тешко да се освојат, додека Draw Lotteries и Instant Lotteries ви даваат поголема шанса да освоите некоја многу мала добивка.

# Информации за вашите шанси за добивка на игри на среќа

## Се обложувате ли на игри на маса во казино?

Ако денес сакате да зборувате со некој за информации и поддршка, јавете се на

**GambleAware**
**gambleaware.nsw.gov.au**
**1800 858 858**

На GambleAware можете да се јавите во кое било време, 24 часа во денот, 365 дена во годината.

Помош можете да користите во доверливост и бесплатно.

Можете да зборувате со некој на вашиот јазик. На располагање имаме советници кои зборуваат други јазици и преведувачи.

Ги поддржуваме лицата кои се коцкаат – како и нивните семејства и пријатели.



Брошурата ја објави
**The Office of Responsible Gambling**
**(Канцеларија за одговорно коцкање)**
GPO Box 7060, Sydney NSW 2001

**www.responsiblegambling.nsw.gov.au**

За повеќе примероци од оваа брошура:
**Имејл:** contact.us@liquorandgaming.nsw.gov.au
**Телефон:** 1300 024 720

NSW GOVERNMENT

ДЕКЕМВРИ 2020 | МАКЕДОНСКИ (MACEDONIAN)
3-Macedonian. 1220. LG33110

**GAMBLEAWARE**
**gambleaware.nsw.gov.au**
**1800 858 858**

NSW GOVERNMENT

NSW_GA_Brochure_Casino_v3_MAC.indd 1
13/01/2021 12:30:41 PM

**Казино игрите на среќа или вештина може да бидат забавни за луѓето кои уживаат да се обложуваат на тркалата што се вртат, на карти што се делат и на коцки што се фрлаат.**

**Меѓутоа казината треба да остварат профит. Секоја игра има 'house margin' (маргина на куќата). Тоа е вкупниот процент на парите што се обложуваат кои ги задржува казиното, кое исто така е позната како 'куќата'. Колку е пониска маргината на куќата, толку поголем дел од парите им се враќа на играчите.**

При игрите за кои е потребно знаење, искусните играчи можат да ја намалат маргината на куќата, додека при игрите на среќа, никаква стратегија на обложување не може да ја измени маргината.

Долгорочно, не постои веројатност повеќето играчи да бидат во добивка. Секоја игра мора да се спроведува според правилата одобрени од Independent Liquor & Gaming Authority (Независна управа за конзумирање на алкохол и коцкање).

## Колку често ќе се појави вашиот број?

### Blackjack

Blackjack е игра со карти врз основа на среќа и вештина во која играчите можат да си ги зголемат шансите да победат ако применат некоја подобра стратегија. Откако ќе добие две карти од крупието, играчот може да избере да му се поделат повеќе карти за да може да има вкупен збир што ќе биде блиску до 21 поен, повеќе од збирот на крупието – без да ја премине границата од 21 поен. Картите со ликови (слики) имаат вредност од 10 поени, кецот има вредност од 1 или 11 поени, додека картите од 1 до 10 се бројат според нивниот број. Маргината на куќата за Blackjack обично е помала од 1 процент за искусни играчи.

### Caribbean Stud Poker

Оваа игра на карти, на среќа и со вештина, се базира на отворен покер од пет карти. Како почетен влог или 'ante', играчите добиваат пет карти свртени надолу, додека крупието добива четири карти со лицето надолу и една свртена нагоре. Ако некој играч смета дека не може да го победи крупието при неговото делење, тогаш може да го изгуби влогот. За да продолжи да игра, следниот влог на играчот мора да биде двојно поголем од оригиналниот. Победува оној што ги има најдобрите покер карти во рака, играчот или крупието. Исто така, може да се ставаат влогови на џекпот. Маргината на куќата за Caribbean Stud Poker е околу 5,5 проценти, од кои дел отпаѓа на џекпот.

### Baccarat

Baccarat е игра на среќа во која картите со броеви помали од 10 се бројат според нивната вистинска вредност; кецот вреди 1 поен; а картите со десетка и ликови (слики) се бројат како 0. На играчот и банкарот им се делат по две карти, а потоа, во зависност од вкупниот збир на тие две карти, може да се подели и трета. Вкупниот збир се чита како да не постои првиот број – така збирот на картите во рака од 15 станува 5. Победникот во играта има вкупен збир на картите најблиску до 9. Играчите можат да се обложуваат на картите што ги има во рака играчот или банкарот, или на тоа дека резултатот ќе биде нерешен. Маргината на куќата за Baccarat е околу 1,2 проценти.

### Sic Bo

Во Sic Bo, се фрлаат три коцки и играчите се обидуваат да предвидат различни комбинации, збирови и резултати. Маргината на куќата за секој вид на влог варира од 2,8 проценти (големи, мали или комбинации од две коцки) до 16,2 проценти за одредена тројка. Sic Bo е игра на среќа, што значи не постојат стратегии на обложување со кои ќе можат да се намалат овие маргини.

### Craps

Craps е игра со две коцки при што играчите можат да се обложуваат на било која комбинација од двете коцки. На играчите им се дава можност да ги фрлаат коцките под услов да имаат влог на победничката линијата или линијата на загуба. Бидејќи збирот од седум е најчестата комбинација, многу од влоговите се засноваат врз тоа дали фрлачот на коцките ќе добие седумка или не. Маргината на куќата значително варира, од 16,67 проценти за влог на било која седумка (со едно фрлање) до 0,85 проценти на шансите за победа. Вкупната маргина на куќата изнесува околу 2 проценти.

### Roulette и Double Zero Roulette

Како игра на среќа, во тркалото на австралискиот рулет има 37 броеви: 18 црвени, 18 црни и една нула, или во случај на Double Zero рулетот, 38 броеви. Тркалото се врти во една насока, додека мало неметално топче се врти во другата насока. Играчите можат да се обложуваат на 'Straight Up' (еден влог на еден број и се обложуваат дека топчето ќе застане на одреден број) или на комбинации од броеви, црвени или црни, непарни или парни и мали или големи броеви (без разлика дали бројот е меѓу 1 и 18 или 19 и заклучно со број 36). Маргината на куќата е 2,7 проценти за рулет и 5,26 проценти за Double Zero рулет.

### Pai Gow

Друга игра на среќа, Pai Gow, се преведува како 'собери деветка'. Pai Gow се игра со 32 плочки. Дваесет и две од овие плочки формираат 11 идентични парови а останатите 10 формираат пет мешани парови. Откако ќе се поделат плочките, секој играч и банката (куќата) треба да состави две различни комбинации со нивните четири плочки кои се викаат 'Low Hand' (мала шанса) и 'High Hand' (голема шанса). Потоа се споредуваат комбинациите на играчот со комбинациите на банката за да се одлучи кој победил. Маргината на куќата за Pai Gow е 1,5 проценти.

## Можете ли да ги зголемите вашите шанси?

**Не – не во игрите на среќа – бидејќи коцките и тркалата што се вртат немаат меморија. Во игрите на среќа, маргината на куќата се одредува според правилата.**



NSW_GA_Brochure_Casino_v3_MAC.indd 2 13/01/2021 12:30:44 PM

# Помошта е на дофат на рака

## Тука за вас 24/7.



Ако денес сакате да зборувате со некој за информации и поддршка, јавете се на

**GambleAware**
**gambleaware.nsw.gov.au**
**1800 858 858**

На GambleAware можете да се јавите во кое било време, 24 часа во денот, 365 дена во годината.

Помош можете да користите во доверливост и бесплатно.

Можете да зборувате со некој на вашиот јазик.
На располагање имаме советници кои зборуваат други јазици и преведувачи.

Ги поддржуваме лицата кои се коцкаат – како и нивните семејства и пријатели.

Брошурата ја објави
**The Office of Responsible Gambling**
**(Канцеларија за одговорно коцкање)**
GPO Box 7060, Sydney NSW 2001

**www.responsiblegambling.nsw.gov.au**

За повеќе примероци од оваа брошура:
**Имејл:** contact.us@liquorandgaming.nsw.gov.au
**Телефон:** 1300 024 720

NSW GOVERNMENT

НОЕМВРИ 2020 | MACEDONIAN
4-Macedonian. 1220. LG34110

**GAMBLEAWARE**
**gambleaware.nsw.gov.au**
**1800 858 858**

NSW GOVERNMENT

NSW_GA_Brochure_Design_Help_is_close_v4B_MC.indd 1
8/12/2020 9:41:45 PM

## Колку навистина ве чини коцкањето?

**Повеќето луѓе се коцкаат повремено. Тоа може да биде на покер машини, во TAB, на лотарија или во казиното. За многу луѓе, коцкањето е забавно и не предизвикува штета.**

**Меѓутоа, за некои луѓе, коцкањето може да стане проблем. Коцкањето може да биде скапо – финансиски, емотивно и лично. Тоа може да биде штетно за лицето кое се коцка, како и за неговото семејство и пријателите.**






## Како ќе знам дека коцкањето е проблем?

Ако коцкањето предизвикува стрес или вознемиреност, тоа може да биде знак дека тоа е проблем. Други знаци кои укажуваат дека коцкањето предизвикува штета се:

- се чувствувате виновни, вознемирени или депресивни поради коцкањето
- губите контрола колку време поминувате или колку пари трошите на коцкање
- се повлекувате од семејството и пријателите
- се обидувате да ги надокнадите загубите продоложувајќи да се коцкате
- позајмувате пари или продавате скапоцени работи за да се коцкате
- заостанувате со плаќањето на сметките или отворате нови кредитни картички
- секој ден мислите на коцкање
- лажете за коцкањето

Ако вие или некој кого го познавате имате кои било од овие знаци, важно е да побарате информации и поддршка. Можете да стапите во контакт со GambleAware, бесплатна и доверлива служба за лицата кои се коцкаат како *и* за нивните семејства и пријатели.

Никогаш не е доцна да добиете помош - можете да ја побарате денес.

## Помошта е на дофат на рака

Информации и поддршка можете да добиете ако стапите во контакт со GambleAware.

GambleAware има доверлива телефонска услуга преку која нуди информации, поддршка и упати. Можете да ја користите во кое било време: 24 часа во денот, седум дена во неделата. Повикот е бесплатен – всушност, бројот нема дури ни да се појави на вашата сметка.

Ако претпочитате да пишувате наместо да зборувате, достапен ви е ‘чет’ 24/7 на www.**gamblinghelponline.org.au**.

Исто така, советодавни служби на GambleAware, има ширум Нов Јужен Велс. За да најдете служба во ваша близина, јавете се на 1800 858 858 или побарајте ја локалната служба на **www.gamblinghelp.nsw.gov.au/find-support-near-you**.

Постојат специјализирани услуги за поддршка на жени, лица кои се идентификуваат како Абориџини или Островјани од теснецот Torres Strait, како и за лица кои зборуваат други јазици.

Исто така, достапни се финансиско советување и правна помош ако се соочувате со финансиски или правни проблеми поради коцкањето.

Ако не сте подготвени да зборувате со советник, постојат можности како што се само-забрана од објектите за коцкање или од интернет, онлајн помагала за само-помош на веб-страницата на GambleAware и посебен дел за семејства и пријатели во кој во кратки црти се изнесени едноставни постапки кои можете да ги направите ако сте загрижени за некој близок.

**За повеќе информации, или да добиете поддршка денес, јавете се на 1800 858 858 или отидете на gambleaware.nsw.gov.au**

NSW_GA_Brochure_Design_Help_is_close_v4B_MC.indd 2
8/12/2020 9:41:51 PM